Врз основа на член 153 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/2014 година") и член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, Државната изборна комисија на 109-та Седница одржана на 23.06.2014 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за постапување по Известувањето од Претседателот на Собранието на Република Македонија за престанок на мандат на пратеници**

1. Собранието на Република Македонија ја извести Државната изборна комисија со писмен допис број 07-2367/6 од 23.06.2014 година, заведен во архивата на Државната изборна комисија под број 10-2680/1 од 23.06.2014 година дека на Седница одржана на 23.06.2014 година констатира дека согласно член 152 став 1 алинеја 1 од Изборниот законик престанува мандатот на пратеникот Аспазија Софијанова.

2. Државната изборна комисија ќе ја спроведе постапката согласно член 153 од Изборниот законик и ќе го извести наредниот кандидат од листата на кандидати на Коалицијата ВМРО – ДПМНЕ (ВМРО демократска партија за Македонско национално единство) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија
- во изборна единица 1: Јасминка Дамческа од Скопје;

3. Се задолжува Одделението за стручно – административно работење и меѓународна соработка да го спроведе овој Заклучок.

Број 07-2680/2
23.06.2014 година

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

82